Aachener str. 4
90425 Nürnberg
*Учи македонски online*
*специјализирано online училиште за*
*дополнителна настава за учениците во дијаспората*
*Tel.: +49(9 11) 2 396595*
*Mob.: +49 (1 76)38 031 136*
*е-маил. mitko.jovanov@ucimakedonski.mk*, jovanovmiki@yahoo.com

**28 јули 2010-07-27**

**ПРЕДМЕТ: Информација;**

**започна уписот на ученици во „Учи македонски online“ за учебната година 2010/11 година со почеток од септември оваа година.**

**Со „Учи македонски online“ го учите македонскиот литературен јазик:**

- Без разлика каде живеете во светот;
- Од својот дом во термини кога Вас ви одговараат;
- Според современи методи за учење јазици;
- **Наставата се изведува според принципот на менторство-наставничката се грижи поединечно за секој нејзин ученик како напредува во изучувањето на македонскиот јазик;**
- Преку мултимедијална настава-текст, слика, видео, анимација, говор, музика;
- Настава во мултимедијална училница;
- Учење во e-Learning софтверот 24/7;
- Користење мултимедијална библиотека, календар со распоред на часови
- Контакт со наставничка;
- Се забавувате додека го учите македонскиот јазик;
- Преку изучувањето на македонскиот јазик, ја запознаваат историјата на Македонија;
- Потребни Ви се компјутер, стандардна интернет врска, микрофон;
- Стандардни познавања за користење компјутер и интернет.
- Добивате сертификат за успешно следење на курс по македонскиот јазик;
- Ви организираме полагање државен испит за полагање македонски јазик.

**Уписот во училиштето е едноставен.**

Потребно е:

- Да го пополните формуларот кој ќе го најдете во линкот ЗАПИШУВАЊЕ на веб страната http://ucimakedonski.mk/;
- Да изберите еден шесте понудени пакети (можности) на кој сакате да го учите македонскиот јазик.

**Можности/пакети за учење македонски јазик**

**1.Пакет-Best combination**

- Настава во мултимедијална училница, 35 часа во текот на една учебна година;
- Интерактивно учење 24/7 во e-Learning софтверот на „Учи македонски-online“;
- Во паралелка со 5 ученици + Интерактивно учење 24/7 во e-Learning софтверот

**2.Пакет-Best combination Economic**

- Настава во мултимедијална училница, 35 часа во текот на една учебна година;
- Интерактивно учење 24/7 во e-Learning софтверот на „Учи македонски-online“;
- Во паралелка со 10 ученици + Интерактивно учење 24/7 во e-Learning софтверот.

**3.Пакет-Flex**

- Интерактивно учење 24/7 во e-Learning софтверот на „Учи македонски-online“
- Часови за консултација со наставничка во мултимедијална училница кога сметате дека вие потребно.

**4.Пакет-Relax**

- Интерактивно учење 24/7 во e-Learning софтверот на „Учи македонски-online“
- Вклучена е подршка од наставничка која се состои во следење на текот на учењето на наставните содржини и прегледување на резултатите од тестовите кои учениците ги работат во e-Learning софтверот и потоа ги испраќаат преку електронската пошта да ги прегледа наставничката

**5.Пакет-Connect live**

- Настава во мултимедијална училница 35 часа во текот на една учебна година;
- Во паралелка со 5 ученици;
- На барање од учениците може да биде зголемен бројот на часовите.

**6.Пакет-Connect live Economic**

- Настава во мултимедијална училница 35 часа во текот на една учебна година.
- Во паралелка со 10 ученици
- На барање од учениците може да биде зголемен бројот на часовите.

**Пакетот можете да го промените во секое време во текот на учебната година со друг пакет, во тој случај разликата во цената ќе ви биде вратена или пак ќе треба да доплатите ако другиот пакет што ќе го избрете, е со повисока цена од претходниот.**

Подетални информации за понудените пакети за учење македонски јазик, можете да добиете на на веб страната http://ucimakedonski.mk/

Откако ќе го добиеме вашиот формулар, во рок од 7 работни денови, ќе ви испратиме заверена копија од него по електронска пошта со што го потврдуваме вашиот упис во училиштето.

Најдоцна пред 15 дена пред почетокот на учебната година, на секој ученик ќе му биде определна наставничка, ќе добие распоред на часови во мултимедијалната училница (ден и час во неделата кога ученикот ќе следи настава во мултимедијалната училница), лозинка со која ученикот ќе влегува во мултимедијалната училница, во библиотеката,

*чувај ги корените!*
ucimakedonski.mk

Aachener str. 4
90425 Nürnberg
***Tel.: +49(9 11) 2 396595***
***Mob.: +49 (1 76)38 031 136***
*е-маил. mitko.jovanov@ucimakedonski.mk, jovanovmiki@yahoo.com*

***Учи македонски online***
***специјализирано online училиште за***
***дополнителна настава за учениците во дијаспор****ата*

во e-Learning Softver 24/7 на "Учи македонски онлјан", и контакт со наставничката преку e-mail.

Дополнителни информации можете да добиете на веб страната http://ucimakedonski.mk/; и можете да ни се обратите на е-маил адрезите: mitko.jovanov@ucimakedonski.mk или mitko.jovanov@ucimakedonski.mk или пак на следната адреза: "Lern mazedonisch-online" (Mitko Jovanov), Aachener Str.4, 90425, Nürnberg, Deutschland.

Кординатор
Митко Јованов

**MazedonischLernenOnline**
**M.Jovanov,Aachener Str.4,**
**90423,Nbr**
**www.ucimakedonski.mk**



## Прилог; дополнителни информации

1. **Наставната програма се изведува во две форми;**

**- Часови во мултимедијална училница;**
Наставната програма предвидува еден час неделно во траење од 50 до 60 минути. Наставата ќе се изведува во текот на учебната година. За време на училишните одмори и празниците нема да се изведува настава.
Во мултимедијалната училница наставничката и учениците имаат аудио и видео контакт и се во интерактивна комуникација. Наставничката има целосна контрола врз текот на одвивањето на часот. Таа им овозможува на учениците да зборуваат, да поставуваат прашања. Учениците кога сакаат да зборуваат можат да побараат преку кликање на соодветното дугме кое означува кревање рака.
Учениците на мониторот од својот компјутер можат да следат што пишува наставничката на дигиталната табла, да ги следат презентациите што ќе им ги прикажува. Истотака со дозвола на наставничката и учениците можат да пишуваат преку својот компјутер во дигиталната табла која е дел од мултимедијалната училница.

**- Интерактивно учење 24/7;**
Со лозинката се логирате во e-Learning софтверот на „Учи македонски-online“ во било кое време во текот на учебната година.
Преку поставените содржини, вежби, задачи, примери, тестови, разни мултимедијални форми на текст, слика, видео, анимација, говор, музика, го изучувате македонскиот јазик.

Aachener str. 4
90425 Nürnberg
*Учи македонски online*
*специјализирано online училиште за*
*дополнителна настава за учениците во дијаспората*
*Tel.: +49(9 11) 2 396595*
*Mob.: +49 (1 76)38 031 136*
е-маил. mitko.jovanov@ucimakedonski.mk, jovanovmiki@yahoo.com

E-Learning софтверот дозволува редоследно поминување на содржините. Пример од првата лекција кон втората и така редоследно. Не е овозможено прескокнување на лекциите.

## 2. Наставна програма

Наставната програма на „Учи македонски online“ се заснова на важечките наставни учебници и помагала издадени од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и Министерството за надворешни работи, кои се наменети за изучување македонски јазик и писмо за децата во дијаспората.

Постоечката наставна програма ние ја надградуваме со примена на современи методи за изучување јазици кои се актуелни во светот. Нашата основана цел е учениците да се забавуваат додека го учат македонскиот јазик и да не им преставува доплнителен товар во процесот на нивното редовно школување во државата каде што живеат.

Концептот на наставата овозможува преку изучувањето на македонскиот јазик, учениците воедно ја запознаваат историјата на Македонија, културните знаменитости, традиции и обичаи, природните богатства и слично.

Содржините на наставните програми се **мултимедијални** со повеќе елементи – текст, слика, видео, анимација, говор, музика. На овој начин учениците најлесно и најбргу стекнуваат нови знаења го зачувуваат наученото најдолго.
Конкретно, учениците преку мултимедијалното учење истоврмено покрај тоа што гледаат и читаат одреден текст, истиот го слушаат и гледаат слики поврзани со истиот.

По запишувањето, ученикот добива ваучер со лозинка преку која ќе има пристап во училницата, библиотеката, календарот со распоред на часовите во мултимедијалната училница, контакт со неговата наставничка преку електронска пошта, пристап во во e-Learning софтверот.